Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги СКОПЈЕ

30-12-2014

10 | 6711 | 1 |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од редовниот административен надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, емитуван на 10 декември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзорот во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, од 10 декември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четири часовната програма емитувана на 10 декември 2014 година, овој програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на податоците за продукцијата на дневно - информативните емисии (вестите), се почитуваат законските обврски, односно на одјавна шпица се објавени сите потребни податоци;

- Потребните податоци се објавени и во емисиите „Профит", „Патот на светлината", „Не бери гајле!", „Македонскиот рокенрол, епизода 3-Осознавање";

- Во други програмски содржини, какви што се „Голтка божество - Приказни за виното" (во сите репризи преку денот), „Документарни снимки од Втората светска војна" (со репризи); „Сите на точак секој ден"; „Древни приказни...Интересно", „Гурмански приказни", „СИ-ДО", на одјавните шпици нема никакви податоци.

***Предлог мерка:***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како и со тоа кои сѐ други информации за поединечните содржини треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*30.12.2014 година*